КУЌЕН РЕД

Апартмани на ССКЦ — Автокамп „Андон Дуков“, Охрид

Пристигнување и заминување

1. Гостите се сместуваат по 14:00 часот. По претходен договор со одговорното лице, можно е порано пристигнување.
2. Апартманот се напушта најдоцна до 12:00 часот на денот на заминувањето. По договор може и подоцна.
3. При пристигнување се врши примопредавање на апартманот. Гостите потпишуваат Изјава за преземање одговорност.
4. Апартманот се прима и враќа чист, уреден и проветрен.

Инвентар и опрема

5. Апартманите располагаат со кабловска телевизија и бесплатен Wi-Fi.
6. Апартманите се предаваат без постелнина и прибор за јадење. Гостите носат: јастучници, постелнина, пешкири, прибор за јадење и средства за лична хигиена.
7. Сиот инвентар при заминување треба да биде неоштетен и во ист број и состојба како при пристигнувањето.
8. Забрането е изнесување мебел, опрема или предмети надвор од апартманот.

Ред, тишина и хигиена

9. Ноќна тишина се почитува од 22:00 до 08:00 часот.
10. Гостите се однесуваат коректно кон другите корисници и ги почитуваат редот и хигиената во населбата.
11. Забранет е внесот на домашни миленичиња.
12. Отпадот се фрла исклучиво во предвидените контејнери. Забрането е оставање отпад во заедничките простории или пред влезот.
13. Не се дозволуваат забави и собири кои го нарушуваат мирот на другите гости.

Штети и одговорност

14. Секоја оштетена, уништена или изгубена ставка од инвентарот, вклучувајќи и изгубени клучеви, мора веднаш да се пријави кај одговорното лице или секретар на ССКЦ.
15. Гостите се обврзани да ја надоместат секоја штета нанесена за времетраење на нивниот престој, согласно условите од потпишаната Изјава.
16. ССКЦ го задржува правото да ги задржи дел или сите уплатени средства за покривање на настанатата штета.

Безбедност

17. При напуштање на апартманот се затвораат сите прозорци и врати, а клучот се предава на одговорното лице или во кординација со секретарот на ССКЦ.
18. ССКЦ не одговара за изгубени лични предмети, пари или вредности во апартманот.
19. Во случај на сериозно прекршување на куќниот ред, ССКЦ го задржува правото да го раскине договорот за изнајмување.
20. За сите забелешки и проблеми за времетраење на престојот, гостите се обраќаат кај одговорното лице.

ВЕ МОЛИМЕ ДА СЕ ПРИДРЖУВАТЕ КОН КУЌНИОТ РЕД

ВИ ПОСАКУВАМЕ УБАВ ПРЕСТОЈ!

Самостоен синдикат на вработените во Универзитетските клиники (ССКЦ)